


Ресенското училиште "Мите Богоевски" е симбол за генерациска солидарност и меѓуетничка толеранција. Постои уште од 1944 година и од таму излегле шеесет генерации. Наставата е двојазична, се предава на македонски и на турски јазик, но во него учат повеќе етнички заедници

# Живееме и учиме заедно како нашите прадедовци

**РЕСЕНСКОТО УЧИЛИШТЕ "МИТЕ БОГОЕВСКИ" 68 ГОДИНИ Е СИМБОЛ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ТОЛЕРАНЦИЈА**



*Независно од тоа кој од која вера сме, соработката на родителите во училиштето е на највисоко ниво, вели 37-годишниот ресенчанец Неџип Ергин*

Во понеделник Неџип Ергин ќе ја остави својата работа во дуќанот во центарот на Ресен и со трактор, наместо во нива ќе отиде во школо. Овој 37-годишен ресенчанец ќе работи во основното училиште "Мите Богоевски" заедно со шеесетина други родители за да ги сменат старите ќерамиди на школото каде учат нивните деца.

На Ерган не му требало многу време за да се одлучи на доброво-

на работа. Училиштето има посебно значење за него. Таму учел неговиот татко, учел тој, а сега 25 години подоцна, таму учат и неговите две деца.

"Ние родителите со еден збор прифативме да му помогнеме на школото. Ќе направиме сé децата таму да ни бидат среќни", вели тој.

Со Ергин за работа во школото се спрема и Никола Цаков. Неговиот син, Мартин, оди во четврто одделение. Никола е електроинженер и на школото ќе му помогне со поставување на громобранската инсталација. Настава е двојазична, се предава на македонски и на турски јазик, но во него учат повеќе етнички заедници.

"Оваа година во школото имаме 516 ученици. 369 се Македонци, 147 учат на турски наставен јазик, 47 се Роми, 36 Албанци и околу 5 деца се Египќани. Годинава ќе се реконструира покривот на школото. Добивме финансиска помош од УСАИД и Општината, а родителите ќе се вклучат со работна рака, доброволно. Пример сме во Општината за соживот и негување на етничките култури", вели Билсер Синан, директорка на школото.

Ова не е првпат родителите да се вклучат во реновирањето на училиштето. Тие помагале и кога се инсталирало парното греење и кога се правеле молерски зафати. Родителите често пати носат и готвени јадења во школото и ги разменуваат меѓу себе за да соберат пари.

"Правиме размена на традиционални јадења. Муслиманите носат баклава, пиљав, ашлама, ашуре, а Македонците тавче гравче, ѓомлезе. Нашите деца ги продаваат, а парите ги собираме за да се подобрат условите за учење во школото", вели Ергин.

За менување на кровот школото добило финансиска помош од УСАИД и Општината, а шеесетина родители ќе се вклучат доброволно со работна рака за да ги сменат старите ќерамиди



Во Општина Ресен велат дека главен проблем во градот не се меѓуетничките односи туку намалениот наталитет. И тие од година во година мака мачат со сé помалиот број прврачиња

И двајцата татковци сакаат да обезбедат најдобри услови за своите деца кои учат под ист покрив.

"Независно од тоа кој од која вера сме, соработката на родителите во училиштето е на највисоко ниво. Секогаш помагаме за доброто на нашите деца. На располагање ја ставаме целата механизација што ја имаме, трактори, камиони и нашите раце", велат едногласно Никола и Ергин.

Ресенското училиште "Мите Богоевски" е симбол за генерациска солидарност и меѓуетничка толеранција. Постои уште од 1944 година и од таму излегле шеесет генерации. Наста-

Ресенското училиште "Мите Богоевски" по многу нешта се разликува од училиштата каде наставата е двојазична. Во школската библиотека книгите на турски и на македонски јазик се ставени на исти полици. Цртежите на учениците се закачени на исто пано во ходниците. Децата од различните етнички заедници не се поделени по катови или во различни смени. Учат во исти кабинети за настава.

Во школото кажуваат дека порано се случувале конфликтни ситуации меѓу децата од различни националности, но благодарение на брзата интервенција на македонските и на турските наставници, закачки меѓу нив веќе нема.

"Седиме сите заедно во чајџилница. Тие ме прашуваат на турски јазик, јас им одговарам на македонски. Децата го гледаат тоа и самите си учат. Во играта не им е важно кој од која националност е. Живееме како што живееле нашите прадедовци", вели Ергин.

Во Општина Ресен велат дека главен проблем во градот не се меѓуетничките односи туку намалениот наталитет. И тие од година во година мака мачат со сé помалиот број прврачиња.

За добриот соживот во градот немаат посебна тајна. На шега велат дека тоа се должи на географската положба на градот кој како котлина е одделен од другите населени места, па народот што живее таму е истиот со вековви.

"Меѓу луѓето се воспоставени силни врски. Не се делат на Македонци и на Турци, туку на луѓе и не луѓе. Сите сме воспитувани уште од најмали од дома на толеранција и на прифаќање на различностите. Посебно за верските празници, ние не можеме да замислиме да речеме Бајрам или Велигден да немаме гости од едната или од другата страна. На работа, на пример им носиме вапсани јајца на сите наши колеги од друга вероисповед. Тие пак ни носат баклава за нивните празници", вели Наумче Ташовски од општина Ресен.

***Ружица Фотиновска***
Фото: О.Теофиловски